Тиквеш



ОДУ бр.1473/18
ИЗВОД

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**НОТАР**
**Ана Брашнарска**
за подрачјето на основните судови
на градот Скопје
ул.Македонија бр. 31/1-3

## ЗАПИСНИК

---------------------------- **од Собранието на ВВ ТИКВЕШ АД Скопје**-----------------------

Јас, нотар Ана Брашнарска, именувана за подрачјето на Основните судови на градот Скопје, ул.Македонија бр. 31/1-3, потврдувам дека во 2018.09.10. (двеилјади и осумнаесета година, месец септември, десетти) во седиштето на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Скопје, со седиште на ул. 810 бр. 2, Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите која се одржа на денешен ден во Салата за состаноци во М6 Едукативен центар Скопје, со почеток во 12:00 часот, при што, согласно член 73 од Законот за нотаријатот Законот за нотаријат и член 384, 385, 386 и 407 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, го составив следниот ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА---------------------
-------------------------------------ВВ-ТИКВЕШ АД-Скопје-------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Собранието на мое барање ми беа предочени :---------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

1.Тековна состојба на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје, издадена од Централниот регистар на РМ -прилог. ---------------------------------------------------------------------------

2.Акционерската книга на акционерите на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје со датум 10.09.2018 година, во која утврдив дека вкупен број на обични акции има 270450 со номинална вреднос од 51,13 ЕУР и со број на гласови во собранието 270450. прилог.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

3.Јавен повик објавен во дневните гласила: "Нова Македонија", објавен на 07 Август 2018 година со кои се повикуваат акционерите да присуствуваат на собранието кое е закажано за 10.09.2018 година со следниот дневен ред :прилог -----------------------------------------------------------------------------------------------------

4.Список на присутни акционери и застапници на акционери со број на акции - прилог.-------------------------------------------------------------------------------------------

Од наведениот список, по неговата верификација утврдив дека на седницата на Собранието се присутни вкупно 7 акционери и нивни застапници со вкупно 227082 акции со право на глас во Собранието и тоа: -------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ бр.1473/18

ИЗВОД

1. М-6 Светлана и останати ДОО Скопје, имател на 216589 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Нове Секулоски - прилог полномошно------------
2. Љупчо Крстевски, имател на 2545 акции со право на глас во Собранието----------
3. Миле Бундовски, имател на 273 акции со право на глас во Собранието. ------------
4.Димитар Пети, имател на 273 акции со право на глас во Собранието. ----------------
5.Василка Тасева, имател на 46 акции со право на глас во Собранието.----------------
6.Сава Пензиско друштво АД Скопје, Сава Пензиски Фонд, имател на 6010 акции, со право на глас во Собранието, преку полномошник Коста Ивановски. ----------------
7.Сава Пензија Плус, имател на 1346 акции, со право на глас во Собранието, преку полномошник Коста Ивановски. ---------------------------------------------------------------------

На Собранието присутен е г-дин Мате Настески- член на управен одбор. -------------

На Собранието пристутен и нотар Ана Брашнарска, која ќе го води Записникот на Собранието. ---------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на собранието ја отвори господинот Димитар Петти - претседавач на собрание на акционери на ден 10.09.2018 година ------------------------------------------

Господинот Димитар Петти предложи да се избере претседавач на ова Собрание и записничар. ---------------------------------------------------------------------------------------

За претседавач на Собранието е предложен господинот Димитар Пети, а за бројач на гласови е предложена госпоѓа Василка Тасева. ---------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање.-----------------------------------------------------------

Собранието со 227082 гласови за, против нема, воздржани нема, за Претседавач на Собранието го избра господинот Димитар Пети. ------------------------------------------

Собранието со 227082 гласа за, против нема воздржани нема, ја избра госпоѓа Василка Тасева, за бројач на гласови во Собранието------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека се преминува на утврдување на Дневниот ред за работа на Собранието и за работа на Собранието на акционери на ВВ -ТИКВЕШ АД -Скопје го предлага следниот дневен ред : ------------------------------------------------

Усвојување на Записникот од Претходна седница на Собранието на акционери од 27.07.2018 година, ---------------------------------------------------------------------------------

**Т.1.** Донесување на Одлука за промена на седиштето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД Скопје.--------------------------------------------------------------

**Т.2.** Донесување на Одлука за измена на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт Скопје.-------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека согласно Статутот, а по објавување на Јавниот повик не се доставени предлози за дополнување на Дневниот ред за работата на Собранието. Други предлози нема.-------------------------------------------------------------

Дневниот ред го стави на гласање.------------------------------------------------------------

Собранието со 227082 гласови за, против нема, воздржани нема, го усвои Дневниот ред за работа на Собранието. -----------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот објави дека се преминува со работа кон точките на усвоениот дневен ред за ова Собрание. ------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот од Собрание на акционери од 27.07.2018 година го ставам на усвојување и гласање. ----------------------------------------------------------------------------

Собранието со 227082 гласови за, против нема, воздржани нема, го усвои Записникот Собранието на акционери од 27.07.2018 година. ------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека се преминува со работа по усвоениот дневен ред : ----

ОДУ бр.1473/18
ИЗВОД

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.1.** Претстадавачот истакна дека поради проблематиката за која Собранието треба денес да одлучува преложи расправата за одлучување по двете точки од дневниот ред да се оди заедно за двете точки, односно по првата точка од дневниот ред – донесување на одлука за промена на седиште на Друштвото и точка два – донесување на одлука за промена на статутот на друштвото. -------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со двете точки подготвени се и доставени со материјалите предлог одлуки за промена на седиштето на друштвото и измени и дополнувања на статутот на друштвото кои со материјалите се поделени. За одлуката за промена на седиштето на друштвото и одлуката за измена на статутот на друштвото поради оправдано отсуство на генералниот директор, претседавачот даде збор на Адвокат Василка Тасева, која истакна Одлуката за промена на седиштето на ВВ ТИКВЕШ е донесена од причина што производствените капацитети на друштвото за наѓаат во Кавадарци, а и поради подршката на локалната заедница како и градење на релации со заедницата и заради зголемување на довербата со добавувачите на грозје на територијата на Кавадарци и Тиквешијата, кои се од суштествено значење за функционирање на самиот производствен процес на друштвото. Ова се причините поради кои органите на управување се одлучија за промена на седиштето на друштвото во Кавадарци. ------------------------------------ ----

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека отвара дискусија по материјалите од точките на дневниот ред, за дискусија се јави г-дин Коста Ивановски, полномошник на Сава Пензиско друштво АД Скопје, Сава Пензиски Фонд. Господинот Коста Ивановски истакна дека немаме забелешки по оваа дискусија која се води за двете точки од дневниот ред, да напоменам дека за првата точка немаме никакви аргументи да гласаме против, односно ќе ја подржиме таквата одлука. Додека за втората точка,веќе се обративме до друштвото со допис и во тој дел имаме забелешки поготово на членот 25 , кој гласи дека било кој член на друштвото кога ги продава акциите на трети лица, најрано 15 дена од денот на продажба, да го извести надзорниот одбор за датумот на продажба и за бројот и видот на акции што има намера да ги продава, како и цената по која ќе ги продава, добронамерно пишуваме и го прашуваме друштвото врз основа на кој законски акт е тоа дозволено, така што ова не го рефлектира ниту духот на Законот за трговски друштва, ниту слободното тргување со акции на берзата. Дополнително забележавме дека во прочистениот текст на Статутот не е усогласен со поновите одредби од Законот за трговски друштва, односно се дефинира рокот за објава да не биде пократок од 21 ден од објавата за одржување на Акционерско одржувањето, што не е интенција на Законот, кој предвидува рок не пократок од 30 дена од денот на одржувањето, така да сметаме дека е потребно поголемо прочистување на усогласеноста на Стаутот со Законот за трговски друштва и поради тоа ќе гласаме воздржано за втората точка од дневниот ред.---------------------
Претстадвачот му даде збор на акционерот Миле Бундовски, кој истакна дека по однос на членот 25, сакам да кажам дека можеби не е наведено врз основа на кој член тоа се кажува, тоа е нешто друго наведено, бидејќи нема забрана за тоа, а бидејќи се работи за здружение на акционери и сите тие можат на одреден начин да ги регулираат прашањата што не се забранети, према тоа овде нема забрана за известувањето и затоа сметам дека се работи за Законска одредба и може да оди тоа дека никаде нема против, се што не е забрането може да оди, Што се однесува до Вашата забелешка за прочистување на статутот, да, согласен сум дека треба да се направи прочистување и повеќето од одредбите имаат потреба

ОДУ бр.1473/18

ИЗВОД

од прочистување, но во конкретниов случај, затоа што се работи за контра одредба согласно Законот за трговски друштва, тогаш директно се применува Законот и во конкретниот случај, примена на Законот е Собранието е закажано 30 дена и се е во ред и ште една напомена, оваа одредба од член 25 е одредба која е од 2014 година или можеби и порано од текстот на законот и доколку Акционерите ако сакаат, можат да ја променат и по мене мислам дека е се во ред и дека мора да има од задолженијата на акционерите кое право им се нарушува, доколку ги извести оние со кои другарувал до сега дека сака да ги продава акциите и уште нешто, рековте дека Законот за трговски друштва имал таква интенција – напротив, одиме со начелото argumentum asimile, Друштвата за ограничена одговорност баш имаат стриктни одредби, може да продаде оној само ако ги понуди на другите содружници, а ова е одредба, која нема казна или пенал и мислам дека е се во ред и јас ќе гласам ЗА. ----------------------------------------------------

Претседавачот го продолжи собранието и предложи Одлуката за промена на седиштето и Одлуката за измена на Статутот на ВВ Тиквеш и предлог на текстот на Одлуките и Одлуките секоја посебно да ги стави на гласање.---------------------------

Собранието со 227082 гласа ЗА, против нема, воздржани нема, ја усвои Одлуката за промена на седиштето на ВВ Тиквеш.------------------------------------------------------------

Собранието со 219726 гласа ЗА, против нема, воздржани 7356 гласа ја усвои Одлуката за промена на стаутот на ВВ Тиквеш.------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Преседавачот констатираше дека точките од дневниот ред за работа на Собранието на ВВ Тиквеш АД Скопје се исцрпени. --------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со исцрпување на точките од дневниот ред, Претседавачот на Собранието ја заклучи работата на Собранието и објави завршување и заклучување на седницата во 12:21часот.——————————————————————————

Потврдувам дека овој записник лично го составив, го следев целокупниот тек наседницата на Собранието и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување одлуките. -------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот заедно со прилозите лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието – **Димитар Пети** кој раководеше со седницата на Собранието, кој во знак на прифаќање своерачно го потпиша ----------------------------------------------------

____________________С.Р.______________________________________--
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Прилози кон овој нотарски акт - записник се : Тековна состојба, Акционерска книга, Јавен повик, Списокот на акционери, Полномошна, Одлуки. ---------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Овој нотарски акт лично е составен од Нотарот на 9 (девет) страници и 9 (девет) листа. По составување на нотарскиот акт издадени се 3 (три) примероци за потребите на ВВ ТИКВЕШ- АД Скопје, а изворникот останува во архивата на Нотарот.-------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ бр.1473/18
ИЗВОД

---

Нотарската награда е пресметана согласно чл. 41 и чл. 54 од НТ во износ од 13.000,00 денари. ---------------------------------------------------------------------------
ОДУ бр. 1473/18-------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје, 10.09.2018 год. -------------------------------------------------------------------

Н О Т А Р

АНА БРАШНАРСКА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
АНА
БРАШНАРСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНА
БРАШНАРСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНА
БРАШНАРСКА
СКОПЈЕ